

Пелагониска Ревизорска Куќа

- ЈКП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ПРИЛЕП -

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Содржина

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА 5

БЕЛЕШКИ 10

Додатоци

Додаток 1 - Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето

Додаток 2 - Годишна сметка (Извештаи за финансиска состојба и Извештаи за сеопфатна добивка)

Додаток 3 – Годишен извештај за работењето

Пелагониска Ревизорска Куќа
ул. „Прилепски бранители" бр. 16 – 4, втор кат 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: +38948 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До:
ЈКП Водовод и канализација Прилеп
ул. „Александар Македонски" бр. 559
Прилеп

Извештај за ревизија на финансиските извештаи

Мислење со резерва

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈКП Водовод и канализација Прилеп (во понатамошниот текст „Претпријатието"), коишто ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината, извештајот за паричните текови за годината којашто завршува тогаш како и преглед на приложените белешки кон финансиските извештаи, вклучително и преглед на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење освен за можните ефекти од прашањата на кои се укажува во пасусот „Основи за мислење со резерва" од овој извештај, приложените финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈКП Водовод и канализација Прилеп на 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени и кои применуваат во Република Северна Македонија.

Основи за мислење со резерва

1. Како што е наведено во Белешка 24 – Краткорочни побарувања и краткорочни финансиски вложувања приложена кон финансиските извештаи на Претпријатието, истото има евидентирано побарувања од купувачи (правни и физички лица) во вкупен износ од 131.632 илјади денари. Од нив, на побарувања од физички лица отпаѓа износот од 108.563 илјади денари. Во рамките на овие побарувања, износот од 64.998 илјади денари се однесува на сомнителни и спорни побарувања (тужени граѓани), од кои 61.040 илјади денари се побарувања постари од една година. Дополнително, побарувања во вкупен износ од 43.565 илјади денари се однесуваат на побарувања од физички лица при што 9.655 илјади денари од нив се побарувања постари од една година. Побарувањата од правни лица се во вкупен износ од 23.069 илјади денари од кои 2.220 илјади денари се однесуваат на сомнителни и спорни побарувања а 1 151 илјади денари се однесуваат на побарувања за кои се водат судски постапки. Во вкупните побарувања од правни лица, 4.454 илјади денари се однесуваат на побарувања кои се постари од три години. Согласно спроведените ревизорски постапки, утврдивме дека Претпријатието не извршило соодветна проценка за наплатливоста на овие побарувања ниту пак извршило исправка на вредноста на овие побарувања согласно Меѓународните сметководствени стандарди, односно согласно МСС 36 – обезвреднување на средства. Поради тоа, ние не бевме во можност со сигурност да утврдиме колкав дел од овие побарувања се оштетени и дали е потребно и во колкав износ, исправка на вредноста на овие побарувања.

2 Како што е наведено во Белешка 23 – Залихи, приложена кон финансиските извештаи на Претпријатието, истото има евидентирано залихи на 31 декември 2025 година во вкупен износ од 47.245 илјади денари (2024: 47 986 илјади денари). Во изминатите неколку години Претпријатието не ги ревидираше своите финансиски извештаи, така што ние не бевме во можност да обезбедиме доволно

силни и соодветни ревизорски докази во однос на почетните состојби на залихите на 1 јануари 2025 година согласно МСР 510 – Почетни ревизорски ангажмани – почетни салда, а кои можат да имаат влијание врз финансиските извештаи на Претпријатието како и врз резултатите од работењето на истото. Ние бевме ангажирани како ревизори во текот на месец март 2026 година и присуствувавме на вонредниот попис на залихите организиран од страна на Претпријатието. Согласно спроведениот вонреден попис на залихите, беа утврдени кусоци на залихи во износ од 1.404 илјади денари како и вишоци во износ од 1.411 илјади денари. Дополнително, беше констатирано дека Претпријатието располага со не курентни и слабо движечки залихи но истото нема извршено процена за нивната нето реализациона вредност ниту пак има признаено било какви обезвреднувања на истите согласно барањата на МСС 2 - Залихи. Врз основа на извршените ревизорски постапки, утврдивме дека Претпријатието има евидентирано застарени и слабо движечки залихи во износ од 11.067 илјади денари. Сепак, поради недостаток на соодветни ревизорски докази, ние не бевме во можност со сигурност да го утврдиме и квантифицираме износот на овие споро движечки залихи како и можниот ефект врз вкупните залихи и врз резултатите од работењето на Претпријатието на денот на известување.

3 Како што е наведено во Белешка 21 – Материјални средства, приложена кон финансиските извештаи на Претпријатието, истото има евидентирано земјиште и градежни објекти во вкупен бруто износ од 1.320.928 илјади денари. За земјиштето и за поголем дел од градежните објекти, Претпријатието не поседува докази за сопственост (имотни листови). Согласно расположливата документација, утврдивме дека поголем дел од овие недвижности се сопственост на Република Северна Македонија и дека со Одлука на Владата на РСМ, истите се дадени на владение на Општина Прилеп а Претпријатието има право на нивно користење. Со оглед дека Претпријатието не обезбеди соодветни докази дека ги исполнува условите за признавање на наведените недвижности како материјални средства, согласно МСС 16 – Недвижности, постројки и опрема ние не бевме во можност да стекнеме доволно силни и соодветни ревизорски докази и да ги потврдиме правата на Претпријатието врз сопственоста на овие средства, ниту пак да ја потврдиме нивната сметководствена вредност и пресметаната амортизација. Исто така, Претпријатието не го примени новиот МСФИ 16 – Лизинг на договорите за лизинг (користење на градежни објекти под наем) а кои ги исполнуваат условите за признавање на лизинг. Согласно барањата на новиот МСФИ 16, на датумот на почетната примена односно на 01.01.2025 година, Претпријатието требало да го примени овој стандард и да признае средства со право на користење и обврски по основ на лизинг во износ од 2.617 илјади денари. Поради не примената на МСФИ 16, средствата со право на користење и обврските по основ на лизинг се потценети за погоре наведениот износ.

4. Како што е наведено во Белешка 26 - Главнина и резерви приложена кон финансиските извештаи на Претпријатието, истото има евидентирано запишан и уплатен капитал во износ од 10.028 илјади денари кој е усогласен со основната главнина (непаричен влог) запишана во Тековната состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Дополнително, во бруто билансот на Претпријатието е евидентиран запишан а неуплатен капитал во износ од 163.569 илјади денари. За овој дополнително евидентиран износ на запишан а неуплатен капитал, нас не ни беше ставена на увид документација или било каква Одлука на основачот или некаков друг правен акт со кој би можел да се потврди овој износ и кој би преставувал основ за негово признавање. Овој дополнителен износ не е запишан во Тековната состојба при Централниот регистар на РСМ. Согласно погоре наведеното основната главнина на Претпријатието е преценета за износ од 163.559 илјади денари.

Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани по делот „Одговорности на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи" од овој извештај. Ние сме независни од Претпријатието во согласност со Меѓународниот кодекс на етика на професионалните сметководители вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност, Кодексот на ОМСЕС на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители, заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.

Останати прашања

Финансиските извештаи на ЈКП Водовод и канализација Прилеп во претходната 2024 година не беа ревидирани

Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се однесуваат на годишниот извештај за работата и на годишната сметка изготвени од страна на раководството во согласност со ЗТД, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме било каква форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во извештајот за други правни и регулативни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење прибавено во текот на ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Ако, врз основа на нашата извршена работа ние заклучиме дека постојат материјално погрешни прикажувања на овие останати информации, ние треба да известиме за овој факт.

Како што е опишано погоре во делот „Основи за мислење со резерва", ние не обезбедиме ревизорски докази за побарувањата од купувачите (физички и правни лица) кои се оштетени и ненаплатливи како и за нивната евентуална исправка на вредноста согласно барањата на Меѓународните сметководствените стандарди. Исто така не успеавме да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази за потврдување на почетните салда на залихите на Претпријатието како и за нивното евентуално вредносно усогласување поради застареност, не успеавме да стекнеме соодветни ревизорски докази во однос на правата за сопственост врз НПО и нивното признавање, како и врз средствата со право на користење и обврските за лизинг согласно новиот МСФИ 16 и неуспеавме да обезбедиме правен акт за неусогласеноста на основната главинина прикажана во бруто билансот на Претпријатието со онаа прикажана во Тековна состојба при ЦРРСМ.

Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди применливи во Република Северна Македонија како и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали истите се резултат на измама или на грешка.

При подготвување на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Претпријатието да продолжи под претпоставката за континуитет обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користењето на сметководствена основа за континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Претпријатието или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управување се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Претпријатието.

Одговорност на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина не содржат материјално погрешни прикажувања, без разлика дали истите се резултат на измама или на грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не преставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа и постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или на грешка и се сметаат дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ разумно би со очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 273/2024), применуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешни прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или на грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање

на материјално погрешни прикажувања како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучува заговор, фалсификување, намерни пропусти и лажни заобиколувања на внатрешните контроли

- Стекнавме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на Претпријатието.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можност на Претпријатието да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Претпријатието да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола коишто ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние исто така обезбедивме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, за активностите преземени за елиминирање на заканите или за применетите заштитни мерки.

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено во пасусот „Други информации". Раководството на Претпријатието е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Претпријатието за 2025 година во согласност со член 7, член 11, член 19 и член 27 од Закон за јавни претпријатија (Службен весник на Република Северна Македонија бр.208/24) и во согласност со член 240, член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 191/2025).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010 .. 122/2021) е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај за работењето, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Претпријатието со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Наше мислење е дека историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Претпријатието со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година се конзистентни во сите материјални аспекти со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Претпријатието вклучувајќи ги и прашањата во пасусот Основи за мислење со резерва со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година

Прилеп, 28.07.2026 година

Пелагониска Ревизорска Куќа
ДООЕЛ Прилеп

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Управител ДООЕЛ

Пецко Ристески

Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2025 година
во согласност со барањата на
Меѓународните сметководствени стандарди кои се прифатени и кои се применуваат во
Република Северна Македонија
за ЈКП Водовод и канализација Прилеп

- **Извештај за финансиската состојба**
- **Извештај за сеопфатна добивка**
- **Извештај за промени во главнината**
- **Извештај за паричните текови**

Овие финансиски извештаи се поднесени до ЦРРСМ на ден 16.03.2026 година и се потпишани од ВД Директорот Горо Јочкоски.

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
на ЈКП Водовод и канализација Прилеп
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

	Белешки	31 декември 2025 во (000) МКД	31 декември 2024 во (000) МКД
Приходи од работењето			
Приходи од продажба	5	222.433	205.814
Останати приходи	6	80.698	59.256
Вкупно приходи од работењето		**303.130**	**265.069**
Промена на вредноста на залихите на готовите производи и на недовршеното производство		-	-
Капитализирано сопствено производство и услуги		-	-
Расходи од работењето			
Трошоци за суровини и други материјали	7	50.940	49.419
Набавна вредност на продадени стоки		-	-
ситен инвентар, амбалажа и автогуми		-	-
Услуги со карактер на материјални трошоци	8	17.767	27.008
Останати трошоци од работењето	9	6.332	5.227
Трошоци за вработените	10	152.291	141.840
Амортизација на материјални и нематеријални средства	11	66.877	69.287
Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства	12	709	3.008
Резервирања за трошоци и ризици		-	-
Останати расходи од работењето	13	105	2.297
Вкупно расходи од работењето		**295.021**	**298.085**
Финансиски приходи	14	4.489	4.563
Финансиски расходи	15	4	0
Удел во добивката/загуба на придружените друштва		-	-
Добивка/Загуба од редовното работење	**16**	**12.595**	**(28.453)**
Нето добивка/загуба од прекинати работења		-	-
Добивка/Загуба пред оданочување	**16**	**12.595**	**(28.453)**
Данок на добивка	17	1.902	-
Одложени даночни приходи/расходи		-	-
Нето добивка/загуба за деловната година	18	10.692	(28.453)
Останата сеопфатна добивка		-	-
Останата сеопфатна загуба		-	-
Вкупна сеопфатна добивка/загуба за годината	**19**	**10.692**	**(28.453)**
Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво		-	-
Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на неконтролираното учество		-	-

Финансиски раководител

Горан Карбески

ЈКП Водовод и канализација
ВД Директор

Ѓоко Јочкоски

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на ЈКП Водовод и канализација Прилеп
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

	Белешки	31 декември 2025 во (000) МКД	31 декември 2024 во (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	20	1.647	699
Материјални средства	21	1.167.712	1.233.681
Вложувања во недвижности		-	-
Долгорочни финансиски средства	22	2.118	2.315
Вкупно нетековни средства		**1.171.477**	**1.236.695**
Тековни средства			
Залихи	23	47.245	47.986
Побарувања од поврзани друштва	24	194	170
Побарувања од купувачи	24	131.632	125.152
Побарувања за дадени аванси на добавувачи		-	-
Побарувања од државата по основ на даноци	24	3.084	1 916
Побарувања од вработените	24	640	528
Останати краткорочни побарувања		-	-
Краткорочни финансиски средства		-	-
Парични средства и парични еквиваленти	25	14.540	15.405
Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи		-	-
Вкупно тековни средства		**197.334**	**191.158**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**1.368.811**	**1.427.853**
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ			
Главнина и резерви	**26**		
Основна главнина		173.598	173.598
Премии на емитирани акции		-	-
Ревалоризациска резерва		7.598	7.598
Резерви		35 742	35 742
Акумулирана добивка		123.159	151.613
Пренесена загуба		-	-
Добивка за деловната година		10.692	-
Загуба за деловната година		-	(28.453)
Вкупно главнина и резерви		**350.790**	**340.097**
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци		-	-
Долгорочни обврски		-	-
Одложени даночни обврски		-	-
Тековни обврски	27		
Краткорочни обврски спрема поврзани друштва		84	84
Краткорочни обврски спрема добавувачи		47.786	52.176
Обврски за аванси, депозити и кауции		430	321
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци		-	-
Обврски спрема вработените		12.480	11.084
Тековни даночни обврски		2.297	-
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		-	-
Обврски по заеми и кредити		-	-
Обврски по основ на учество во резултатот		-	-
Останати финансиски обврски		-	-
Останати краткорочни обврски		-	16.746
Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди		954.946	1.007.345
Вкупно тековни обврски		**1.018.021**	**1.087.756**
Вкупно обврски		**1.018.021**	**1.087.756**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**1.368.811**	**1.427.853**

Финансиски раководител

Горан Карбески

ЈКП Водовод и канализација
ВД Директор

Гоко Јочкоски

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
на ЈКП Водовод и канализација Прилеп
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

ОПИС	Основна главнина	Премии на емитирани акции	Ревалоризациска резерва	Резерви	Акумулирана добивка	Пренесена загуба	Вкупно
Состојба на 31 декември 2024 година	**173.598**	**-**	**7.598**	**35.742**	**123.159**	**-**	**340.097**
Уплати од сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Исплати на сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Откупени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-
Усогласување на резерви	-	-	-	-	-	-	-
Други усогласувања	-	-	-	-	-	-	-
Добивка за година	-	-	-	-	10.692	-	10.692
Загуба за година	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2025 година	**173.598**	**-**	**7.598**	**35.742**	**133.852**	**-**	**350.790**

ОПИС	Основна главнина	Премии на емитирани акции	Ревалоризациска резерва	Резерви	Акумулирана добивка	Пренесена загуба	Вкупно
Состојба на 31 декември 2023 година	**173.598**	**-**	**7.598**	**35.742**	**151.613**	**-**	**368.551**
Уплати од сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Исплати на сопственици	-	-	-	-	-	-	-
Откупени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-
Усогласување на резерви	-	-	0	-	-	-	0
Други усогласувања	-	-	-	-	-	-	-
Добивка за година	-	-	-	-	-	-	-
Загуба за година	-	-	-	-	(28.453)	-	(28.453)
Дивиденди	-	-	-	-		-	-
Состојба на 31 декември 2024 година	**173.598**	**-**	**7.598**	**35.742**	**123.159**	**-**	**340.097**

Финансиски раководител

Горан Карбески

ЈКП Водовод и канализација
ВД Директор

Гоко Јочковски

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
на ЈКП Водовод и канализација Прилеп
за годината која завршува на 31 декември 2025 година

	31 декември 2025 во (000) МКД	31 декември 2024 во (000) МКД
I. Готовински тек од оперативни активности		
Нето добивка/загуба пред оданочување	12.595	(28.453)
Усогласување за:		
Амортизација на основни средства	66.877	69.287
Приходи/расходи од камати нето	(3.324)	(3.168)
Дивиденди и други приливи и одливи нето	-	-
Добивка пред промени во работен капитал	**76.148**	**37.666**
Зголемување/намалување на тековните средства		
Залихи	741	3.637
Побарувања од поврзани друштва	(24)	(60)
Побарувања од купувачи	(6.480)	(73.589)
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	-	-
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси	(1.168)	(110)
Побарувања од вработените	(111)	(35)
Останати краткорочни побарувања	-	2.826
Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи	-	-
Вкупно зголемување/намалување на тековните средства	**(7.041)**	**(67.331)**
Зголемување/намалување на тековни обврски		
Обврски спрема поврзани друштва	-	0
Обврски спрема добавувачи	(4.390)	20.694
Обврски за аванси, депозити и кауции	109	49
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести	-	-
Обврски кон вработените	1.395	1.007
Тековни даночни обврски	2.297	-
Обврски по основ на учество во резултатот	-	-
Останати финансиски обврски	-	-
Останати краткорочни обврски	(16.746)	(509)
Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди	(52.399)	(56.120)
Вкупно зголемување/намалување на тековни обврски	**(69.734)**	**(34.879)**
Прилив од камати	3.324	3.168
Одливи по камати	-	-
Данок на добивка	(1.902)	-
Вкупно нето готовина од оперативни активности	**794**	**(61.377)**
II. Готовински тек од инвестициски активности		
Продажби на материјални и нематеријални средства	743	759
Набавки на материјални и нематеријални средства	(2.598)	(3.125)
Дивиденди	-	-
Приливи од вложувања во недвижности	-	
Одливи од вложувања во недвижности	-	
Приливи од долгорочни финансиски средства	197	511
Одливи од долгорочни финансиски средства	-	
Краткорочни финансиски средства	-	12.806
Вкупно нето готовина од инвестициски активности	**(1.659)**	**10.951**
III. Готовински тек од финансиски активности		
Главнина и резерви	-	-
Исплата на дивиденда	-	-
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци	-	-
Зголемување за примени кредити и позајмици	-	
Намалување за примени кредити и позајмици	-	
Одложени даночни обврски	-	-
Вкупно нето готовина од финансиски активности	-	-
Вкупно нето пораст/намалување на готовината	**(865)**	**(50.425)**
Готовина на почетокот од годината	**15.405**	**65.830**
Готовина на крајот од годината	**14.541**	**15.405**

Финансиски раководител

Горан Карбески

ЈКП Водовод и канализација
ВД Директор

Ѓоко Јочкоски

БЕЛЕШКИ

КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА

ЈКП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ПРИЛЕП

ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025

БЕЛЕШКА 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ЈКП Водовод и канализација Прилеп е основано со издвојување од ЈКП Комуналец Прилеп (Одлука број 02-675/1 од 12.12.2003 година на Управен одбор и Одлука број 07-1649/1 од 16.12.2003 година на Советот на Општина Прилеп). На ден 30.06.2004 година ЈКП Водовод и канализација Прилеп започнува самостојно да работи по претходно изработен Делбен биланс на ЈКП Комуналец Прилеп (ЈКП Комуналец, ЈКП Пазари и ЈКП Водовод и канализација).

Основната дејност на Претпријатието според НКД е со шифра 36.000 – собирање, обработка и снабдување со вода

Останатите дејности се:

37.000 - отстранување на отпадни води,

71.120 - инженерство и со него поврзано техничко советување,

42.210 - изградба на комунални објекти за течности,

42.910 - изградба на хидро градежни објекти,

43.220 - поставување водоводни и канализациски инсталации и други градежни инсталатерски работи

Адресата на Претпријатието е на ул. „Александар Македонски" бр.559, Прилеп. Единствен матичен број на Претпријатието е 5851661, а ЕДБ 4021031422666. Претпријатието е сврстено во групата на средни субјекти.

Основач/сопственик на Претпријатието е Советот на Општина Прилеп

Управител на друштвото е Гоко Јочкоски со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

Бројот на вработени во тековна година е 191, (2024: 189).

БЕЛЕШКА 2. ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Претпријатието го води сметководството и ги подготвува финансиските извештаи во согласност со применливите сметководствени стандарди во Република Северна Македонија кои се објавени во Правилникот за водење на сметководството („Службен весник на РМ" број 274/2024).

Во составувањето на овие финансиски извештаи Претпријатието ги примени сметководствените политики обелоденети подолу а кои се во согласност со сметководствената и даночната регулатива која важи во Република Северна Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени според методот на набавна вредност како основа за мерење.

Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Претпријатието, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари (000 МКД), освен ако не е поинаку наведено.

Приложените финансиски извештаи претставуваат поединечни финансиски извештаи на Претпријатието

Веродостојноста на финансиски извештаи е потврдена со фактот дека Претпријатието ќе продолжи да работи и во иднина.

2.2. Примена на нови и ревидирани МСФИ

Од 01 јануари 2025 година, Претпријатието ги применува новите МСФИ кои се во примена во РСМ согласно важечката регулаторна рамка.

2.2.1. Нови и изменети МСФИ кои се применуваат во тековниот период

Следниве нови и изменети МСФИ се ефективни за известувачкиот период кој започна на 01 јануари 2025 година:

1. МСФИ 15 - Приходи од договори со купувачи, согласно со кој се воведува единствен модел за признавање на приходите кој е заснован на идентификација и исполнување на обврските. Основниот принцип на овој стандард е дека приходот треба да биде признаен кога добрата или услугите се пренесени на купувачот по цена на трансакцијата. Секој збир од добра или услуги кои се различни мора да бидат посебно признаени а попустот на договорната цена мора генерално да се алоцира врз поединечните елементи. Кога надоместокот варира од било која причина, минималните износи мора да бидат признаени ако не постои значаен ризик истите да се анулираат Трошоците кое се случиле за да се обезбедат договорите со купувачите треба да бидат капитализирани и амортизирани за период на времетраење на договорот.

2. МСФИ 16 - Лизинг, поврзан со сметководствениот третман на договорите за оперативен наем кај наемокорисникот. Со овој стандард се врши признавање на средства по основ на правото на користење и соодветни обврски за лизинг на договорите за наем кои претходно не биле признати во извештајот за финансиската состојба. Овој стандард ги определува принципите за признавање, мерење, презентирање и обелоденување на лизинг договорите. Сите договори за лизинг, резултираат со тоа што корисникот на лизинг добива право на користење на средство со започнувањето на лизингот како и право на финансирање доколку плаќањата за лизингот се вршат со текот на времето. МСФИ 16 ја елиминира класификацијата на лизингот како оперативен или финансиски наем како што се бараше со МСС 17 и наместо тоа, воведува единствен сметководствен модел за корисникот на лизинг. Од корисниците на лизингот се бара да ги признаат:

(а) средствата и обврските за сите договори за лизинг со рок на траење подолг од 12 месеци, освен ако средството е со мала вредност; и

(б) амортизација на средствата по основ на договорите за лизинг, одделно, од каматата на обврските од наемот во извештајот за сеопфатна добивка.

МСФИ 16 суштински ги пренесува сметководствените барања на давателот на лизинг како и МСС 17. Следствено, давателот на лизинг продолжува да ги класифицира своите договори за лизинг како оперативен или финансиски наем и различно да ги евидентира тие два типа на наеми

Во тековниот период Претпријатието ги разгледа сите нови и ревидирани стандарди и толкувања кои стапија во сила на погоре наведениот датум. Примената на новите, изменети, стандарди има влијание врз финансиската состојба, финансиските резултати или паричните текови на Претпријатието за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

2.2.2. Стандарди кои се издадени но кои сеуште не се во примена

Следните стандарди се издадени но нивната примена е одложена односно ќе започне на 01 јануари 2028 година:

1. МСФИ 9 - Финансиски инструменти
2. МСФИ 17 - Договори за осигурување

Имајќи го во предвид одложувањето на примената на овие стандарди, согласно мислењето на СУНСП на РСМ, во примена ќе бидат старите МСС 39 – финансиски инструменти и МСФИ 4 – договори за осигурување објавени во стариот Правилник за водење сметководство (Сл. весник бр. 159/09, 164/10, 107/11)

Претпријатието ги нема применето овие стандарди во тековниот извештаен период.

2.3. Сметководствени проценки

При подготвување на финансиските извештаи, Претпријатието применува сметководствени проценки за ставките кои не можат прецизно да се измерат Проценувањето вклучува расудувања засновани на информации кои се последно расположливи Во текот на работењето одредени проценки можат да се ревидираат како резултат на промени на околностите врз основ на кој биле засновани, промени во окружувањето или добиените нови информации и сознанија.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на недвижностите, постројките и опремата, обезвреднување на недвижностите, постројките и опремата, исправка на вредноста на побарувањата односно утврдување на нивната објективна вредност, вредносно усогласување (исправки) на залихите за да се сведат по нивната нето реализациона вредност и слично.

Ефектите од промена во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и/или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2.4. Претпоставка за неограничен континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето, односно дека Претпријатието ќе продолжи да работи во догледна иднина. Претпријатието нема намера ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење. Раководството смета дека не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Претпријатието.

2.5. Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРСМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Извештајот за добивка или загуба како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период

Во тековната 2025 година Претпријатието нема трансакции изразени во странска валута.

2.6. Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Извештајот за финансиската состојба се следниве

Валута	31 декември 2025	31 декември 2024
1 EUR	61.4950 ден.	61.4932 ден.
1 USD	52.3050 ден.	58,8807 ден.

2.7. Односи со поврзани страни и нивни трансакции

Са целите на финансиските извештаи поврзани субјекти се оние субјекти кај кои што едното правно лице има можност за контрола врз другото правно лице или има право да управува со финансиските и деловните операции на другото правно лице согласно МСС 24 - Обелоденување на поврзани субјекти. Односите помеѓу Претпријатието и неговите поврзани субјекти се утврдени на договорна основа и се спроведуваат според пазарни услови. Салдата на побарувањата и обврските на денот на извештајот за финансиската состојба како и трансакциите со поврзаните субјекти настанати во извештајните периоди одделно се прикажани во белешките кон финансиските извештаи.

2.8. Споредбени показатели

Финансиските извештаи се составени во согласност со принципот на историска набавна вредност Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 Декември тековна и претходна година.

БЕЛЕШКА 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И ПОРЦЕНКИ

3.1. Нематеријални средства

Нематеријални средства се оние средства кои немаат физичка содржина но кои можат да се идентификуваат. Тие се:

- Дизајнирање и имплементација на нови процеси;
- Патенти и лиценци;
- Интелектуална сопственост;
- Развивање на пазарот и трговски марки;
- Компјутерски софтвер кој не е составен дел на хардверот;

- Авторски права;
- Франшизи

Нематеријалните средства треба да се идентификуваат со цел јасно да се разграничат од гудвилот и тие почетно се мерат според нивната набавна вредност, а се признаваат само доколку:

- е веројатно дека идни економски користи ќе му се припишат на нематеријалното средство,
- набавната вредност на нематеријалното средството може веродостојно да се измери;

Корисниот век на нематеријалното средство се определува како ограничен и неограничен. Корисниот век на нематеријалното средство кој произлегува од договори и други законски права не треба да го надмине периодот на договорот и другите законски права.

Амортизацијата на нематеријалните средства со ограничен век на користење се пресметува врз основа на набавната вредност на нематеријалните средства и тоа по праволиниска метода на еднакви годишни износи во текот на предвидениот рок на употреба но најмногу до 5 години Амортизација на нематеријалните средства со неограничен век на користење не се пресметува.

Периодот на амортизација и методот на амортизација на нематеријалните средства со ограничен век на користење треба да се проверува и коригира најмалку еднаш годишно.

3.2. Материјални средства

3.2.1. Општа објава

Материјалните средства се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурираната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивно ставање во употреба.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување Издатоците кои се однесуваат на реконструкција и подобрување, кои го менуваат капацитетот или намената на материјалните средства се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на материјалните средства се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи

3.3. Право на користење туѓи нетековни средства (Лизинг)

За средствата кои се користат како лизинг на неопределено време, Претпријатието корисник на лизинг прави процена на периодот на користење и тој рок го користи за мерење (вреднување) на средството/обврската. Овој рок е еднаков или пократок со рокот на амортизација на исти такви или слични средства според вообичаената политика за амортизација применета за недвижностите, постројките и опремата или за нематеријалните средства.

Средството со право на користење земено под лизинг, корисникот на лизинг го прикажува во извештајот за финансиска состојба (билансот на состојба) на соодветна позиција како материјално или нематеријално средство.

Корисникот на лизинг нема да ги применува барањата за признавање, вреднување и презентирање согласно МСФИ 16 за:

- Краткотраен лизинг (период на лизинг од 12 месеци или помалку), и
- Лизинг чиј предмет е средство со ниска вредност (со вредност од 5.000 долари во денарска противвредност или помалку).

Во случај на краткотраен лизинг и лизинг со мала вредност, Претпријатието евидентира расходи на праволиниска основа за времетраење на лизингот

Средствата со право на користење како лизинг почетно се признаваат по нивната набавна вредност на датумот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг, којашто е еднаква на почетната вредност на обврските за лизинг, зголемена за плаќањата за лизинг направени пред или на денот на започнување на важноста на договорот за лизинг и какви било други директно зависни трошоци на договорот за лизинг (трошоци за преговарање и обезбедување на договорот за лизинг), намалени за добиените стимулации во врска со лизингот, вклучувајќи ги во набавната вредност и проценетите трошоци за евентуално преместување на средството и за обнова на локацијата или за враќање на средството во одредена состојба според условите на лизингот

Обврската за лизинг се признава на датумот на започнување на лизинг аранжманот во извештајот за финансиската состојба како поединечно издвоена/прикажана обврска. Почетното вреднување на обврската за лизинг се врши според сегашната вредност на плаќањата за лизинг кои не се платени на тој датум. Плаќањата за лизинг се дисконтираат со користење на договорената (потенцијална) каматна стапка за лизингот или со инкрементална стапка на позајмување, ако потенцијалната каматна стапка за лизингот не може веднаш да биде утврдена. Последователно (после почетното признавање), средствата со право на користење се мерат според почетната сметководствена вредност, намалена за акумулираната амортизација и загубата заради обезвреднување.

Средствата земени на лизинг се амортизираат според вообичаената политика за амортизација, применета за сите други недвижности, постројки и опрема и за нематеријалните средства. Амортизацијата се признава како расход во извештајот за сеопфатна добивка.

Средството со право на користење се амортизира за пократкиот период од времетраењето на лизингот и од корисниот век на употреба на средството. За средствата со право на користење, Претпријатието прави тест за обезвреднување.

3.3.1. Амортизација

Амортизација на земјиштето и инвестициите во тек не се пресметува

Амортизација на материјалните средства се пресметува заради отпис на нивната набавна вредност. Претпријатието пресметува амортизација со примена на пропорционална метода. Применетите годишни стапки на амортизација кои доследно се применуваат како во претходните така и во тековната година се усогласени со сметководствените политики на Претпријатието и изнесуваат:

	31 декември 2025	31 декември 2024
Градежни објекти	2,5% - 10,0%	2,5% - 10,0%
Постројки и опрема	5,0% - 25,0%	5,0% - 25,0%

Во пресметката на амортизацијата се почитува принципот на конзистентност на стапките на амортизација и принципот на истоветност на исправката на вредноста на основните средства со трошокот за амортизација.

3.4. Вложувања во подружници

Вложувањата во подружници се евидентираат во финансиските извештаи на Претпријатието според нивната набавна вредност. За вложувања во подружници се сметаат оние вложувања, каде Претпријатието поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во другите друштва.

3.5. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположливи за продажба се оние вложувања во долгорочни хартии од вредност кои се чуваат неограничен период но кои можат да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства

Почетно, вложувањата расположливи за продажба се искажани по набавна вредност, односно според износот на паричните средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат по објективна вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на извештајот за финансиската состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар истите се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација). Последователно сите вложувања кои се чуваат до доспевање се признаваат според амортизирана набавна вредност користејќи ја методата на ефективна каматна стапка.

Добивките и загубите од промената на објективната предност на вложувањата расположиви за продажба се признаваат непосредно во главнината, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога акумулираната добивка, односно загуба која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот

3.6. Обезвреднување на нефинансиски средства

Средства кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат, се предмет на годишна анализа заради можноста од нивно обезвреднување.

Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа заради можноста од нивно обезвреднување секогаш кога настаните или измените во деловните услови укажуваат на тоа дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност што укажува дека истите се обезвреднети. Загубата од обезвреднување се евидентира за износот за кои сегашната вредност на средството ја надминува вредноста на неговото повторно надоместување. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната вредност на средството, намалена за трошоците на продажба.

3.7. Залихи и отпис на ситен инвентар

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната односно од нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите до нивната сегашна состојба и локација и која ги вклучува и сите трошоци за набавка, трошоци за конверзија и други трошоци.

Нето реализационата вредност ја вклучува продажната цена, намалена за трошоците за приготвување на продажбата.

Намалување на вредноста на залихите се спроведува за време на редовниот годишен попис а врз основа на проценка за нивно оштетување, дотраеност и сл. Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот, вклучувајќи го и секое нивелирање по пат на отпис до нето реализационата вредност ако истата е пониска од набавната.

Отписот на ситниот инвентар се врши 100% при ставање на истиот во употреба.

3.8. Краткорочни побарувања

Побарувањата од подружници и други претпријатија, побарувањата од купувачите, побарувањата за повеќе исплатени износи од добивката, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемена за каматите согласно склучениот договор односно одлуката за исплата.

Побарувањата кои се искажани во странска валута се пресметуваат според средниот курс на Народната банка на денот на Извештајот за финансиска состојба. Ефектот од промените на девизниот курс од датумот на трансакцијата до датумот на наплата се утврдуваат преку курсни разлики кои се евидентираат како приход, односно како расход за периодот

Намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува задолжително кога должникот е во постапка на стечај или ликвидација Вредноста на побарувањата се намалува за исправката за сомнителни и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според рочната структура.

3.9. Краткорочни финансиски вложувања

Дадените заеми, депозити и кауции се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно со договорот. Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност, согласно со анекс на договорот

3.10. Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти се водат во извештајот за финансиската состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од денарска готовина во благајна и од денарски и девизни средства на сметки во банки.

3.11. Платени трошоци за идни периоди (АВР)

Однапред платените трошоци за идните периоди се искажуваат како активни временски разграничувања и се преставуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причините за разграничувањето како и износите кои се однесуваат на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период а немаат елементи за да се искажат како побарувања, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документ врз основа на кој се стекнати побарувањата, временските разграничувања се

пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

3.12. Долгорочни обврски

Долгорочните обврски се прикажуваат по нивната номинална вредност зголемена за каматите согласно склучените договори.

Долгорочните резервирање се искажуваат како долгорочни обврски за гаранции и отпремнини. Обврските искажани во девизи се пресметуваат по средниот курс на НБРСМ на денот на изготвување на извештајот за финансиската состојба.

3.13. Краткорочни обврски

Обврските по заеми, обврските спрема кредитни институции, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврските за даноци, придонеси и други давачки, обврските врз основа на удел во резултатот и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, зголемена за каматите според склучениот договор, пропис, односно одлука на надлежниот орган на Претпријатието.

Овие обврски се класифицираат како краткорочни, доколку на датумот на изготвување на извештајот на финансиската состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци односно ако истите спаѓаат во доменот на оперативното работењето.

3.14. Одложени плаќања на трошоци и приходи за идни периоди (ПВР)

Одложените плаќања на трошоците и приходите за идните периоди се искажуваат како пасивни временски разграничувања а се однесуваат на пресметани трошоци кои го товарат тековниот пресметковен период кои не се фактурирани, како и на однапред наплатените или пресметаните приходи во тековниот период кои се однесуваат на наредниот пресметковен период

3.15. Резервирања

Резервации се признаваат кога Претпријатието има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан од кој се очекува одлив на парични или други средства и кога износот на надоместокот со голема веројатност може да се предвиди. Резервирањата се евидентираат според сегашна вредност на очекуваните трошоци потребни за надоместување на обврската. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намален за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската вредност на парите е материјален, износот на резервирањето треба да биде сегашната вредноста на издатоците кои се очекуваат да бидат побарани за подмирување на обврската.

3.16. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минат настан чие што постоење ќе биде потврдено само со случување или не случување на еден или повеќе несигурни идни настани кои не се во целост под контрола на Претпријатието. Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи туку само се обелоденуваат

Неизвесно средство е можно средство кое произлегува од минат настан и чие што постоење ќе биде потврдено само со случување или не случување на еден или повеќе несигурни идни настани кои не се во целост под контрола на Претпријатието. Неизвесно средство се признава само кога остварувањето на приходот е речиси сигурен.

3.17. Придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос

Претпријатието врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените се уплатуваат во соодветните пензиски фондови. Претпријатието нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќање на овие придонеси

Претпријатието е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на нивното пензионирање. Претпријатието нема направено резервирања за ова право на вработените бидејќи смета дека сумата е незначителна за финансиските извештаи.

Претпријатието е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат од работа по основ на технолошки вишок, износ кој зависи од работниот стаж на вработениот, но најмногу до седум месечни просечни плати исплатени во Република Северна Македонија. Претпријатието нема направено резервирања за ова право на вработените бидејќи смета дека сумата е незначителна за финансиските извештаи.

3.18. Капитал

3.18.1. Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на запишаните и уплатени удели.

3.18.2. Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Претпријатието е должно да издвои од добивката во тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 1/10 од основната главнина на Претпријатието. Доколку износот на оваа резерва не надминува 1/10 од вредноста на основната главнина, истата може да се употреби само за покривање на загубите. Доколку резервата надминува 1/10 од вредноста на основната главнина на Претпријатието истата може да се употреби за исплата на дивиденди со претходно донесена Одлука.

3.18.3. Ревалоризациони резерви

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација. Во согласност со законските прописи салдото на ревалоризационата резерва се евидентира во рамките на капиталот и истото не претставува предмет на распределба.

3.19. Приходи од продажба и останати приходи

Приходите настануваат со вршење на редовните активности на Претпријатието. Приходи од редовни активности се приходи од продажба на производи, стоки и услуги, камати, дивиденди, закупнини и др.

Добивките претставуваат други ставки кои ја задоволуваат дефиницијата на приходите и можат, но не мора да настанат со вршење на редовните активности. Добивките претставуваат раст на економската вредност и како такви не се разликуваат од приходите. Добивките опфаќаат добивки кои настануваат со отуѓување на нетековните средства, како и нереализирани добивки како што се добивките кои настануваат од ревалоризација на хартиите од вредност расположиви за продажба и добивки кои се резултат на зголемување на сметководствената вредност на нетековните средства. Добивките се прикажуваат во нето износ, откако ќе се намалат за соодветните расходи.

Приходите се мерат според објективната вредноста на примениот надомест или на побарувањето. Приходите се признаваат ако истовремено пораснат средствата или се намалат обврските.

Приходите од продажба на производи/стоки се признаваат ако:

- на купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите/стоките;
- Претпријатието не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите/стоките;
- износот на приходите може да се измери;
- е веројатно дека продадените производи/стоки ќе се наплатат.
- трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.

Претпријатието може да признае приходи со тек на времето или во одреден момент со исполнување на обврската и пренос на контролата над доброто во тој момент.

Ако во моментот на настанувањето на настанот се процени дека наплатата е неизвесна, приходите се одложуваат. За реализацијата од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

3.20. Признавање на расходите

Расходите се признаваат врз основа на принципот на „спротивставување" кој што вклучува истовремено признавање на приходите и расходите кои произлегуваат од една иста трансакција.

Каде што не постои можност или има потешкотија во спротивставувањето на приходите и расходите, се применува пристапот на целосно расходување на сите настанати трошоци.

3.21. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датумот на Извештајот за сеопфатна добивка се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат независно дали се наплатени или не. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажби на хартии од вредност, приходи од камати и од курсни разлики.

- **Камати**: се признаваат на пресметковна основа за периодот на кои се однесуваат, имајќи го во предвид фактичкиот пренос на средствата.
- **Дивиденди**: за дивиденди кои не произлегуваат од влошувања евидентирани според методот на главнина, се признаваат кога ќе се утврдат правата на сопствениците за примање на истите.
- **Курсни разлики**: се признаваат за периодот на кој се однесуваат.
- **Капитални добивки**: се признаваат за периодот на кој се однесуваат.

3.22. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датум на Извештајот за сеопфатна добивка се прикажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи за камати, провизии и курсни разлики.

3.23. Данок на добивка

Во согласност со важечката законската регулатива во Република Северна Македонија, данок на добивка се плаќа на остварената добивка во тековната година како и на непризнатите расходи и на помалку искажаните приходи.

Претпријатието изготвува Даночен биланс, пресметува и плаќа данок на добивка по стапка од 10% на остварената добивка, на непризнатите расходи и на помалку искажаните приходи.

Данокот на добивка се состои од тековен и одложен данок. Тековниот данок на добивка се пресметува согласно законските прописи во РСМ. Одложениот данок на добивка е пресметан за временските разлики помеѓу даночната основица и сегашната вредност на средствата и обврските. Одложениот данок не се пресметува при почетно вреднување на средствата и обврските доколку во моментот на трансакцијата нема влијание врз даночната добивка или загуба. Одложениот данок се пресметува со примена на тековната даночна стапка. Одложените даночни оберски се признаваат за сите оданочливи временски разлики. Одложеното даночно средство е пресметано врз основа на веројатноста на постоење на идни оданочливи добивки кои ќе овозможат искористување на одложеното даночно средство.

3.24. Грешки од претходен период

Материјално значајна грешка која е откриена во тековниот период а се однесува на претходен период и која при тоа има значително влијание на финансиските извештаи на еден или повеќе претходни периоди со што претходните финансиски извештаи не можат да се сметаат за веродостојни, се смета за грешка од претходен период, согласно МСС 8 - Сметководствени политики, промена на сметководствените проценки и грешки (односно Одделот 10 на МСФИ за МСЕ).

Грешката од претходниот период се поправа така што за износот на таа грешка се врши корекција на почетната состојба на пренесениот резултат, односно на соодветната позиција во извештајот за финансиската состојба доколку грешката е од таква природа да не влијае на резултатот.

Материјално незначајните грешки се признаваат како приход или расход на тековниот период. Материјалноста на грешките се проценува од случај до случај во моментот кога ќе се открие грешката.

3.25. Настани по датумот на извештајот за финансиската состојба

За ефектите од деловните случувања кои настануваат во периодот помеѓу издавањето на извештајот за финансиската состојба и датумот кога се одобруваат финансиските извештаи и се во директна врска со состојбата на позициите кои постојат на датумот на издавањето на извештајот за финансиската состојба, се врши корекција на претходно признатите износи во финансискиот извештај (пр. наплатено побарување за кое претходно била извршена исправка).

За ефектите од деловните случувања кои настануваат во периодот помеѓу издавањето на извештајот за финансиската состојба и датумот кога се одобруваат финансиските извештаи а се однесуваат на околности кои не постоеле на датумот на извештајот за финансиската состојба, во белешките кон финансиските извештаи се врши обелоденување на природата на случувањето и процена на неговиот финансиски ефект.

3.26. Промена на сметководствени политики

Сметководствените политики кои се утврдени со овој правилник се применуваат од период до период на конзистентна основа.

Сметководствената политика се менува доколку таа е условена со измена или донесување на нов МСС/МСФИ.

По исклучок од ставот 1 и 2 на оваа точка, промена на сметководствените политики може да се направи доброволно ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи.

За промените во сметководствените политики одлучува менаџментот на Претпријатието.

Новата сметководствена политика се применува ретроактивно кога тоа се бара од МСС/МСФИ како од секогаш да била во примена, освен кога износот за корекција не може прецизно да се утврди, па во таков случај новата сметководствена политика се применува на перспективна основа.

БЕЛЕШКА 4. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

4.1. Финансиски ризици и управување со истите

Претпријатието влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Претпријатието е изложено и политики за управување со нив се следните:

4.1.1. Ризик од промена на девизниот курс

Претпријатието може да влези во трансакции во странска валута кои можат да произлегуваат од набавки и продажби на странски пазари при што истото тогаш е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Претпријатието нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Северна Македонија и не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Претпријатието е изложено на можни флуктуации на странските валути кои сепак се ограничени поради фактот што најголем број од трансакции се во Евра, чии валутен курс се смета за релативно стабилен.

4.1.2. Ризик од промена на цени

Претпријатието е изложено на ризик од промена на цени на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Претпријатието.

4.1.3. Кредитен ризик

Претпријатието е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите стасани обврски за плаќање. Претпријатието има голем број на купувачи така што овој ризик е минимален но сепак постои. Претпријатието има изградено политики за управување со кредитниот ризик. Имено, пред склучувањето на договори со нови купувачи го испитува бонитетот на истите, за купувачите кои каснат со измирување на своите обврски испраќа опомени, предлага компензации, престанува со испорака или покренува судски постапки.

4.1.4. Каматен ризик

Претпријатието се изложува на ризик од промена на каматните стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека во текот на 2025 година, Претпријатието не користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки може да се каже дека Претпријатието не е изложено на ваков вид на ризик.

4.1.5. Ризик од неликвидност

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Претпријатието нема да биде во состојба са своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврски спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потреба готовина за сервисирање на своите пристигнати обврски и Претпријатието нема вакви проблеми во своето работење.

4.1.6. Даночен ризик

Согласно законските прописи во Република Северна Македонија, финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Претпријатието подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесување на даночните биланси за тековната година. Во тековната 2025 години во Претпријатието не е вршена контрола од страна на даночните власти. Сепак, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не можат да се определат со разумна сигурност.

4.2. Финансиски инструменти

4.2.1. Ризик на финансирање

Претпријатието врши финансирање на своето работење од сопствени средства (акумулирана добивка и амортизација) и со користење на краткорочни и долгорочни кредити и позајмици со цел да обезбеди соодветен поврат на вложувањата. Претпријатието континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември тековна и претходна година е следна:

	Во илјади (000) МКД	
Долгорочна задолженост	**2025**	**2024**
Долгорочни обврски	-	-
Парични средства и парични еквиваленти	14.540	15.405
Нето обврски	**(14.540)**	**(15.405)**
Вкупно капитал и резерви	350.790	340.097
% на долгорочна задолженост во однос на капиталот	/	/

	Во илјади (000) МКД	
Вкупна задолженост	**2025**	**2024**
Вкупни обврски (краткорочни и долгорочни)	63.075	80.411
Вкупни средства	1.368.811	1.427.853
% на вкупна задолженост во однос на вкупните средства	**4,61%**	**5,63%**

4.2.2. Ризик од девизни валути

Претпријатието влегува во трансакции во странска валута кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на девизните курсеви на странски валути.

БЕЛЕШКА 5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	Во илјади (000) МКД	
Приходи од продажба	**2025**	**2024**
Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата	222.111	205.492
Приходи од наемнини	322	322
Вкупно	**222.433**	**205.814**

БЕЛЕШКА 6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	Во илјади (000) МКД	
Останати приходи	**2025**	**2024**
Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски	4	25
Приходи од премии, субвенции, дотации и донации	7.000	-
Останати приходи од работењето	73.693	59.231
Вкупно	**80.698**	**59.256**

БЕЛЕШКА 7. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

	Во илјади (000) МКД	
Трошоци за суровини и материјали	**2025**	**2024**
Материјали (за администрација, управа и продажба)	31 929	30 092
Енергија (за администрација, управа и продажба)	18.650	19.099
Ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба)	360	228
Вкупно	**50.940**	**49.419**

БЕЛЕШКА 8. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

	Во илјади (000) МКД	
Услуги со карактер на материјални трошоци	**2025**	**2024**
Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	1.036	1.109
Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги	52	2.600
Услуги за одржување и заштита	7.627	9.420
Наем - лизинг	504	509
Комунални услуги	3.551	3.453
Истражување и развој	71	87
Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми	-	62
Останати услуги	4.926	9.769
Вкупно	**17.767**	**27.008**

БЕЛЕШКА 9. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

	Во илјади (000) МКД	
Останати трошоци од работењето	**2025**	**2024**
Трошоци за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор, одбор на директори и управители	77	103
Спонзорства и донации	41	30
Репрезентација	312	195
Осигурување	1.911	1.257
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	1 230	1.048
Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки	2.283	2.071
Останати трошоци на работењето	478	523
Вкупно	**6.332**	**5.227**

БЕЛЕШКА 10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	Во илјади (000) МКД	
Трошоци за вработени	**2025**	**2024**
Плата и надоместоци на плата - бруто	140.329	127.782
Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци	92	116
Надоместоци на трошоци на вработените и подароци	232	36
Останати трошоци за вработените	11.639	13.905
Вкупно	**152.291**	**141.840**

БЕЛЕШКА 11. АМОРТИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

	Во илјади (000) МКД	
Амортизација на основни средства	**2025**	**2024**
Трошоци за амортизација (за администрација, управа и продажба)	66.877	69.278
Вкупно	**66.877**	**69.287**

БЕЛЕШКА 12. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ/ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

	Во илјади (000) МКД	
Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства	**2025**	**2024**
Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткорочни побарувања	709	3.008
Вкупно	**709**	**3.008**

БЕЛЕШКА 13. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

	Во илјади (000) МКД	
Останати расходи од работењето	**2025**	**2024**
Расходи врз основа на директен отпис на побарувања	-	2.274
Казни, пенали, надоместоци за штети и друго	51	-
Останати расходи од работењето	54	22
Вкупно	**105**	**2.297**

БЕЛЕШКА 14. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

	Во илјади (000) МКД	
Финансиски приходи	**2025**	**2024**
Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	3.324	3 169
Останати финансиски приходи	1.165	1.394
Вкупно	**4.489**	**4.563**

БЕЛЕШКА 15. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

	Во илјади (000) МКД	
Финансиски расходи	**2025**	**2024**

Останати финансиски расходи	4	-
Вкупно	**4**	**-**

БЕЛЕШКА 16. ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

	Во илјади (000) МКД	
Добивка/загуба пред оданочување	**2025**	**2024**
Добивка/загуба пред оданочување	12.595	(28.453)
Вкупно	**12.595**	**(28.453)**

БЕЛЕШКА 17. ДАНОК НА ДОБИВКА

Согласно важечките законски прописи Претпријатието пресметува и плаќа данокот на добивка

	Во илјади (000) МКД	
Пресметка на данок на добивка	**2025**	**2024**
Финансиски резултат од БУ	12.594	(28.453)
Непризнати расходи за даночни цели	6.430	
Даночна основа	19.025	
Намалување на даночна основа	-	
Даночна основа по намалување	19.025	
Пресметан данок на добивка (10% x даночна основа)	1.902	
Намалување на пресметаниот данок на добивка	-	
Пресметан данок по намалување	**1.902**	**-**

БЕЛЕШКА 18. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

	Во илјади (000) МКД	
Нето добивка/загуба	**2025**	**2024**
Нето добивка/загуба	10.692	(28.453)
Вкупно	**10.692**	**(28.453)**

БЕЛЕШКА 19. ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА

	Во илјади (000) МКД	
Вкупна сеопфатна добивка/загуба	**2025**	**2024**
Вкупна сеопфатна добивка/загуба	10.692	(28.453)
Вкупно	**10.692**	**(28.453)**

БЕЛЕШКА 20. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Вид на нематеријални средства	Издатоци за развој	Софтвер	Во илјади (000) МКД Вкупно
Набавна вредност на НС (состојба на 01.01.2025)	16.765	9.236	26.001
-директни зголемувања	528	-	528
-прекнижувања	-	-	-
-останати зголемувања и намалувања		-	-

-расходи и отуѓување	-	-	-
-ревалоризација	-	-	-
Состојба на НС на 31.12.2025	**17.293**	**9.236**	**26.529**
Исправка на НС 01.01.2025	**(15.257)**	**(10.044)**	**(25.302)**
-амортизација	(389)	809	420
-останати зголемувања/намалувања	-	-	-
-расходи и отуѓување	-	-	-
-ревалоризација	-	-	-
Исправка на НС на 31.12.2025	**(15.646)**	**(9.236)**	(24.882)
Сегашна вредност на НС на 31.12.2025	**1.647**	**-**	**1.647**

БЕЛЕШКА 21. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во илјади (000) МКД

Вид на основно средство	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Материјални средства во подготовка и останати материјални средства	Мебел и транспортни средства	Вкупно
Набавна вредност на ОС (состојба на 01.01.2025)	**10.668**	**1.309.240**	**415.089**	**1.047**	**410.773**	**2.146.816**
-директни зголемувања	-	1.021	-		1.049	2.070
-прекнижувања	-	-	-	(743)	-	(743)
-останати зголемувања и намалувања	-	-			-	-
-расходи и отуѓување	-	-		-	-	-
-ревалоризација	-	-	-	-	-	-
Состојба на ОС на 31.12.2025	**10.668**	**1.310.260**	**415.089**	**304**	**411.822**	**2.148.143**
Исправка на ОС 01.01.2025	-	**(582.214)**	**(224.686)**	-	**(107.846)**	**914.751**
-амортизација	-	(29.967)	(31.644)	-	(4.877)	(66.488)
-останати зголемувања/намалување	-	-	808		-	808
-расходи и отуѓување	-	-	-	-	-	-
-ревалоризација	-	-	-	-	-	-
Состојба на исправката на ОС на 31.12.2025	-	**(612.182)**	**(255.527)**	-	**(112.723)**	**(980.431)**
Сегашна вредност на ОС на 31.12.2025	**10.668**	**698.079**	**159.562**	**304**	**299.099**	**1.167.712**

БЕЛЕШКА 22. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Во илјади (000) МКД

Долгорочни финансиски средства	2025	2024
Долгорочни финансиски средства	2 118	2.315
Вкупно	**2.118**	**2.315**

БЕЛЕШКА 23. ЗАЛИХИ

Во илјади (000) МКД

Залихи	2025	2024
Залиха на суровини и материјали	47.245	47.986
Залиха на ситен инвентар, амбалажа и автогуми	0	0
Вкупно	**47.245**	**47.986**

БЕЛЕШКА 24. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

	Во илјади (000) МКД	
Краткорочни побарувања	**2025**	**2024**
Побарување од поврзани субјекти	**194**	**170**
Побарувања од купувачи	**131.632**	**125.152**
Побарувања од купувачи во земјата	64.414	56.715
Спорни и сомнителни побарувања	67.218	68.437
Побарувања од државата	**3.084**	**1.916**
Данок на додадена вредност	-	-
Побарувања за повеќе платени придонеси и други давачки	1.277	-
Побарувања за повеќе платен данок на добивка	1.807	1.916
Побарување од вработени	**640**	**528**
Останати побарувања од вработените	640	528
Останати побарувања	-	-
Вкупно	**135.549**	**127.767**

Сомнителни и спорни побарувања од купувачи (граѓани) во земјата класифицирани по рочност	Во илјади (000) МКД
	2025
Побарувања до 1 година	3 089
Побарувања од 1 до 3 години	8.777
Побарувања над 3 години	52.263
Вкупно	**64.998**

Сомнителни и спорни побарувања од купувачи (правни) во земјата класифицирани по рочност	Во илјади (000) МКД
	2025
Побарувања до 1 година	-
Побарувања од 1 до 3 години	2.220
Побарувања над 3 години	-
Вкупно	**2.220**

Нетужени побарувања (граѓани) од купувачи во земјата класифицирани по рочност	Во илјади (000) МКД
	2025
Побарувања до 1 година	33.909
3Побарувања од 1 до 3 години	9.655
Побарувања над 3 години	-
Вкупно	**43.565**

Нетужени побарувања (правни лица) од купувачи во земјата класифицирани по рочност	Во илјади (000) МКД
	2025
Побарувања до 1 година	16.395
Побарувања од 1 до 3 години	-

Побарувања над 3 години	4.454
Вкупно	**20.849**

БЕЛЕШКА 25. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади (000) МКД	
Парични средства и парични еквиваленти	**2025**	**2024**
Парични средства на трансакциски сметки во денари	**14.525**	**15.390**
Стопанска Банка АД Битола	28	24
Стопанска Банка АД Скопје	844	125
Слик Роад АД	18	3
Халк Банка АД	12.964	14.986
Централна кооперативна АД	8	8
Шпаркасе АД	82	79
Уни Банка АД	34	37
Комерцијална Банка АД	294	117
НЛБ АД	253	11
Парични средства во благајна	-	-
Главна благајна	-	-
Останати парични средства	**5**	**5**
Останати парични средства	5	5
Парични средства во благајна во странска валута	**10**	**10**
Главна девизна благајна	10	10
Вкупно	**14.540**	**15.405**

Од Извештајот за паричните текови даден во финансиските извештаи на страна 9, можи да се види дека Претпријатието има:

	Во илјади (000) МКД	
Паричен тек	**2025**	**2024**
Паричен тек од оперативни активности	794	(61.377)
Паричен тек од инвестициски активности	(1.659)	10.951
Паричен тек од финансиски активности	-	-
Нето пораст/намалување на готовината:	(865)	**(50.425)**

БЕЛЕШКА 26. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

	Во илјади (000) МКД	
Главнина и резерви	**2025**	**2024**
Основна главнина запишан и уплатен капитал	10.028	10.028
Основна главнина запишан а не уплатен капитал	163.569	163.569
Ревалоризациска резерва	7.598	7.598
Резерви	35.742	35.742
Задржана (акумулирана) добивка од претходни години	123.159	151.613
Добивка од тековната година	10.692	-
Загуба за тековната година	-	(28.453)
Вкупно	**350.790**	**340.097**

Извештајот за промените во главнината и резервите е прикажан во финансиските извештаи на страна 8.

БЕЛЕШКА 27. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	Во илјади (000) МКД	
Тековни обврски	**2025**	**2024**
Обврски од поврзани друштва	**84**	**84**
Обврски спрема добавувачи	**47.786**	**52.176**
Обврски спрема добавувачи во земјата	47 786	52 176
Обврски за примени аванси, депозити и кауции	**430**	**321**
Обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата	430	321
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата	-	-
Обврски спрема вработени	**12.480**	**11.084**
Обврски за плата и надоместоци на плата	4.305	3.823
Останати обврски спрема вработените	8.175	7.261
Тековни даночни обврски	**2.297**	-
Обврски за данокот на додадена вредност	391	-
Обврски за персонален данок на доход	3	-
Обврски за данок на добивка	1.902	-
Останати краткорочни обврски	-	**16.746**
Обврски за останати даноци, придонеси и други давачки	-	16.746
Пасивни временски разграничувања ПВР	**954.946**	**1.007.345**
Пресметани приходи за идни периоди	954.946	1 007.345
Вкупно	**1.018.021**	**1.087.756**

БЕЛЕШКА 28. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

28.1. Дадени хипотеки на сопствен имот

Претпријатието нема дадено хипотеки над својот имот.

28.2. Судски спорови

ЈКП „Водовод и канализација" редовно презема мерки за наплата на доспеаните побарувања од физички лица при што на месечна основа поднесува предлози за издавање нотарски платни налози против должниците.

Во однос на побарувањата од правни лица, до датумот на ревизорскиот извештај се водат неколку судски постапки во вкупен износ од 1.171 илјади денари при што се очекува исходот од овие постапки да биде во корист на Претпријатието

28.3. Гаранции

Во текот на 2025 година, ЈКП Водовод и канализација Прилеп има примено гаранции во своја корист доставени од страна на добавувачите.

БЕЛЕШКА 29. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

По датумот на составување на извештајот за финансиската состојба не се случиле материјално значајни настани а кои треба да бидат обелоденети во оваа белешка.

За ЈКП Водовод и канализација Прилеп

ВД Директор

Гоко Јочкоски

Законска обврска за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работењето во согласност со одредбите од ЗТД

Во согласност со член 476, став 4 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат Друштвата вклучува извештај за финансиската состојба, извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Годишната сметка и финансиските извештаи кои се однесуваат на иста деловна година и кои се подготвени во согласност со одредбите на Законот и прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на Претпријатието за деловната година.

Во согласност со член 477 став 14 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Претпријатието, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи е должен по завршување на секоја деловна година да изготви и Извештај за работењето на Претпријатието за претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Во согласност со член 23 од Законот за јавните претпријатија, Директорот е должен да достави Извештај за работењето на Претпријатието до Управниот одбор на Претпријатието, а во согласност со член 19 од Законот за јавните претпријатија Управниот одбор на Претпријатието, покрај годишната сметка, е должен, по завршување на секоја деловна година да го усвои и Извештајот за работењето на Претпријатието

Во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка, истата се состои од Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Разлики во начинот на презентирање на ставките во обрасците на Годишната сметка и ставките во финансиските извештаи подготвени според Правилникот за водење на сметководство не се појавуваат.

Годишната сметка на Претпријатието и Годишниот извештај за работењето се дадени во Додатоците 2 и 3

ВД Директорот на Претпријатието го изготвил и потпишал Годишниот извештајот за работењето.

За ЈКП Водовод и канализација Прилеп

ВД Директор

Гоко Јочкоски

Годишна сметка

- Извештај за финансиската состојба
- Извештај за сеопфатна добивка

ЕМБС: 05851661
Целосно име: Јавно Комунално Претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Прилеп
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози
Финансиски извештаи

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
1	- - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	1.169.358.722,00			1.234.379.902,00
2	- - I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+008+007+008)	1.647.101,00			698.887,00
3	- - Издатоци за развој	1.647.101,00			698.887,00
9	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	1.167.711.621,00			1.233.681.015,00
10	- - Недвижности (011+012)	708.746.587,00			737.693.096,00
11	- - Земјиште	10.667.779,00			10.667.779,00
12	- - Градежни објекти	698.078.808,00			727.025.317,00
13	- - Постројки и опрема	159.561.972,00			183.525.127,00
14	- - Транспортни средства	5.233.219,00			6.656.064,00
15	- - Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	293.866.475,00			304.750.296,00
18	- - Материјални средства во подготовка	107.812,00			850.876,00
19	- - Останати материјални средства	195.556,00			195.556,00
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	199.452.462,00			193.473.083,00
37	- - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	47.244.702,00			47.986.102,00
38	- - Залихи на суровини и материјали	47.244.702,00			47.986.102,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	135.549.168,00			127.766.508,00
46	- - Побарувања од поврзани друштва	193.985,00			170.204,00
47	- - Побарувања од купувачи	64.413.622,00			56.714.622,00
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци придонеси, царини, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	3.083.733,00			1.916.116,00
50	- - Побарувања од вработените	639.612,00			528.179,00
51	- - Останати краткорочни побарувања	67.218.216,00			68.437.387,00
52	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (053+056+057+058)	2.118.498,00			2.315.000,00
57	- - Побарувања по дадени заеми	2.118.498,00			2.315.000,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	14.540.094,00			15.405.453,00
60	- - Парични средства	14.534.694,00			15.400.053,00
61	- - Парични еквиваленти	5.400,00			5.400,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	1.368.811.184,00			1.427.852.965,00
65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	350.789.797,00			340.097.312,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	173.597.680,00			173.597.681,00
70	- - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА	7.598.010,00			7.598.010,00
71	- - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	35.742.404,00			35.742.404,00
74	- - Останати резерви	35.742.404,00			35.742.404,00
75	- - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	123.159.217,00			151.612.623,00
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	10.692.481,00			
78	- - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА				28.453.406,00
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	63.075.684,00			80.410.526,00
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	63.075.684,00			80.410.526,00
96	- - Обврски спрема поврзани друштва	84.191,00			84.191,00

97	- - Обврски спрема добавувачи	47.785.709,00			52.175.706,00
98	- - Обврски за аванси, депозити и кауции	429.588,00			320.582,00
100	- - Обврски кон вработените	12.479.593,00			11.084.315,00
101	- - Тековни даночни обврски	2.296.603,00			
108	- - Останати краткорочни обврски				16.745.732,00
109	- - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	954.945.708,00			1.007.345.127,00
111	- - ВКУПНО ПАСИВА (ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	1.368.811.184,00			1.427.852.965,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	303.130.368,00			265.069.186,00
202	- - Приходи од продажба	227.432.711,00			205.813.588,00
203	- - Останати приходи	80.697.657,00			59.255.598,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	295.070.796,00			298.085.029,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	50.939.385,00			49.419.408,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	17.767.376,00			27.007.591,00
212	- - Останати трошоци од работењето	6.332.014,00			5.226.557,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	152.291.277,00			141.839.591,00
214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	88.831.162,00			82.453.150,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	42.066.469,00			42.843.751,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	4.431.487,00			2.485.404,00
217	- - Останати трошоци за вработените	11.962.159,00			14.057.286,00
218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	66.876.986,00			69.287.036,00
220	- - Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства	708.563,00			3.007.842,00
222	- - Останати расходи од работењето	104.695,00			2.297.004,00
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+228+230+231+232+233)	4.489.006,00			4.562.505,00
230	- - Приходи по основ на камати од работење со поврзани друштва	3.323.556,00			3.168.617,00
233	- - Останати финансиски приходи	1.165.450,00			1.393.888,00
234	- - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)	3.640,00			68,00
243	- - Останати финансиски расходи	3.640,00			68,00
246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	12.594.938,00			
247	- - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)				28.453.406,00
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	12.594.938,00			
251	- - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)				28.453.406,00
252	- - Данок на добивка	1.902.457,00			
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	10.692.481,00			
256	- - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)				28.453.406,00
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	191,00			189,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
269	- - Добивка за годината	10.692.481,00			
270	- - Загуба за годината				28.453.406,00
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	10.692.481,00			
291	- - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269)				28.453.406,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста	Претходна година

				за тековна година	
609	- - Земјиште	10.667.779,00			10.667.779,00
613	- - Сегашна вредност на објекти од нискоградби (= или = АОП 012 од БС)	698.078.808,00			777.025.316,00
625	- - Заеми и кредити дадени на нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата(= или =АОП 024+АОП 025+АОП 032+АОП 033+АОП 034+АОП 046+АОП 047+АОП 056+АОП 057+АОП 058 ОД БС)	2.118.498,00			2.315.000,00
640	- - Приходи од продажба на стоки и услуги (АОП 641+ АОП 642) (= или = АОП 202 од БУ)	222.111.135,00			205.492.012,00
642	- - Приходи од продажба на услуги (= или = АОП 202 од БУ)	222.111.135,00			205.492.012,00
647	- - Приходи од наемнина (= или = АОП 202 од БУ)	321.576,00			321.576,00
655	- - Наплатени отписани побарувања и приходи од отпис на обврски (= или = АОП 203 од БУ)	4.246,00			24.581,00
661	- - Останати приходи од работењето (= или = АОП 203 од БУ)	73.644.022,00			56.211.200,00
668	- - Трошоци за суровини и материјали (= или = АОП 208 од БУ)	7.740.428,00			8.334.257,00
669	- - Огрев, гориво и мазива (= или = АОП 208 од БУ)	2.034.177,00			2.424.354,00
671	- - Канцелариски материјали (= или = АОП 208 од БУ)	660.922,00			776.795,00
673	- - Униформи-заштитна облека и обувки (= или = АОП 208 од БУ)	255.876,00			458.590,00
674	- - Материјал за чистење и одржување (= или = АОП 208 од БУ)	133.537,00			267.685,00
675	- - Вода (= или = АОП 208 од БУ)	22.134.766,00			19.254.515,00
676	- - Потрошена електрична енергија (= или = АОП 208 од БУ)	16.616.319,00			16.674.938,00
678	- - Потрошени резервни делови и материјали за одржување (= или = АОП 208 од БУ)	7.627.162,00			9.419.749,00
679	- - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и потрошни (во производство) (= или = АОП 208 од БУ)	360.482,00			228.058,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (= или = АОП 211 од БУ)	85.360,00			114.494,00
686	- - Наемнини за деловни простории во земјата (= или = АОП 211 од БУ)	503.863,00			509.307,00
691	- - Вкалкулирани надомести за време на боледување	474.278,00			788.704,00
692	- - Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија (= или = АОП 217 од БУ)	489.769,00			866.359,00
694	- - Јубилејни награди (= или = АОП 217 од БУ)	201.613,00			2.733.888,00
695	- - Ретрос за годишен одмор (= или = АОП 217 од БУ)	5.820.000,00			5.250.042,00
696	- - Помошти (= или = АОП 217 од БУ)	45.821,00			84.089,00
698	- - Дневници за службени патувања, поќевење и други трошоци (= или = АОП 217 од БУ)	91.875,00			116.014,00
707	- - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	77.313,00			103.124,00
708	- - Трошоци за спонзорства (= или = АОП 212 од БУ)	40.666,00			30.333,00
709	- - Репрезентација (= или = АОП 212 од БУ)	312.289,00			554.605,00
710	- - Премии за осигурување на имот (= или = АОП 212 од БУ)	1.910.874,00			1.256.578,00
711	- - Надомест за банкарски услуги (= или = АОП 212 од БУ)	1.214.929,00			1.038.121,00
714	- - Членарини на здруженијата во земјата и странство (= или = АОП 212 од БУ)	285.865,00			270.750,00
715	- - Надоместоци за повремени и привремени работи (= или = АОП 217 од БУ)	145.976,00			512.319,00
718	- - Казни, пенали надоместоци за штети и друго (= или = АОП 222 од БУ)	51.125,00			
722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	191,00			189,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
4298	- 36.000 - Собирање, обработка и снабдување со вода	307.619.374,00			

Потпишано од:

Gjoko Jochkoski

CN=Makedonski Telekom CA, O=Makedonski Telekom, C=MK
Makedonski Telekom CA


Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/објавување) од страна на Централниот Регистар.

Годишен извештај за работењето

01-621/1
30.03







ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УТВРДЕНИТЕ ТАРИФИ-ВОДОСНАБДУВАЊЕ

за 2025 година

ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп

Дата: Март- 2026 година

Содржина

Изјава 3

Извршно резиме 4

Вовед 5

1 **Основни податоци за даваталот на водната услуга** 7

1.1 Институционална поставеност 7

1.2 Управување и организациона структура 7

1.3 Промени во организацијата и вработените 8

1.4 Кадровска структура 9

1.5 Подрачје во кое се обезбедува водна услуга 10

2 Успешност (перформанси) на претпријатието во областа на водоснабдувањето за 2025 Производство на вода 11

2.1 Превземена вода 12

2.2 Дистрибутивна мрежа 12

2.3 Испорачана количина на вода по категории на потрошувачи 13

2.4 Корисници на услугата водоснабдување 14

2.5 Воден биланс 15

2.6 Опис на реализирани инвестиции 17

3 Комерцијална успешност/перформанси 20

3.1.1 Грижа за корисниците 20

3.1.2 Читање, фактурирање и наплата 21

4.Оценка на финансиската успешност 25

5.Оценка за реализација на планот 26

5.1 Структура на тарифата 26

5.2 Оперативни трошоци за одржување на објектите за водоснабдување 27

5.3 Спроведувањето на тарифите по категории на потрошувачи 30

5.4 Вредности на клучни индикатори на успешност 31

6.Листа на главни индикатори 33

Листа на табели

Табела 0-1:Тековна тарифа за вода за пиење за 2025 ... 6
Табела 1-2:Преглед пополнетите работни места во ЈКП Водовод и канализације Прилеп2025 9
Табела 2-1: Вкупно производство на вода во ЈКП Водовод и канализација Прилеп (2025) ... 11
Табела 2-2: Потрошувачка на вода од страна на групите на корисници ... 14
Табела 2-3: Корисници на услугата според категоријата на потрошувачи. ... 14
Табела 2-4: Проценка за неприходована вода ... 15
Табела 2-5: Неприходована вода ... 15
Табела 2-6: Инвестиции според назив ... 18
Табела 5-1: Спроведување на тарифата ... 26
Табела 5-2: Оперативни трошоци за вршење на водната услуга ... 27
Табела 6-1: Вредности на клучните индикатори ... 33

Изјава

Годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи заеднички е изработен од ЈКП Водовод и канализација Прилеп и Општина Прилеп. Извештајот се изработува согласно ***Законот за утврдување на цените на водните услуги*** Член 19 став 3 каде се вели дека *„Давателот е должен еднаш годишно до Регулаторната комисија, до достави извештај за спроведување на утврдените тарифи за водни услуги и реализацијата на Планот заприлагодување и бизнис планот за секоја календарска година".*

Овој извештај се однесува на спроведувањето на утврдените тарифи за календарската 2025 година.

Извештајот содржи резиме на реализацијата на Бизнис Планот и Планот за прилагодување на тарифитеза водоснабдување, каде се анализирани реалните остварувањата и отстапувањата од планираните вредности за календарската 2025 година за:

- Количините на фактурирана вода
- Оперативните трошоци по категории
- Амортизацијата
- Инвестициите
- Приходите, и
- Остварените тарифи
- Остварување на таргетите

Исто така во Извештајот се анализираат *Клучните индикатори на успешноста* во однос *Таргетите* поставени во БП (Бизнис План) и се оценува напредокот во обезбедување на подобри и одржливи водни услуги за населението во општината.

ЈКП Водовод и канализација Прилеп и Општина Прилеп потврдуваат дека вредностите на податоците дадени во извештајот се веродостојни и ја отсликуваат реалната фактичка состојба. ЈКП Водовод и канализација Прилеп преку нивниот менаџмент и органот на управување, како и соодветните органи на општината ќе го разгледаат и оценат Извештајот и ќе предложат мерки за корекција на БП и Планот за прилагодување на тарифите кои имаат за цел да се подобри севкупната ефикасност на ЈКП доколку има потреба за тоа. Доколку се констатираат значајни отстапувања во спроведувањето на утврдените тарифи, ќе се предложи подготовка на ново барање до Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни услуги со ревидирани Бизнис План и План за прилагодување на тарифите.

ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп,

ВД Директор Горе Јочкоски

Општина Прилеп, Градоначалник

Дејан Богдановски

Извршно резиме

Целта на изготвување на Извештај за спроведување на утврдените тарифи за 2025г. е да обезбеди алатка за управувачката структура на ЈКП и Општината за корекција во приоритизацијата на инвестициите во снабдувањето со вода за пиење, утврдување на трошоците за покривање на тарифите и за подобрување на оперативните и финансиски перформанси.

Извештајот го оценува реализираниот од планираниот годишен план и буџет за 2025 година за претпријатието. Се оценува неговото спроведување (остварување на стратешките цели) во однос на инвестиции, но, исто така, на реализираните активности и проекти. Извештајот ја оценува реализацијата на Акционите планови и дава приказ за тоа дали се постигнати целите и како се реализирани целните вредности (таргетите)

Реализацијата на Бизнис планот, вклучувајќи го и повеќегодишниот инвестициски план и планот за прилагодување на тарифите, се спроведува во согласност со барањата на Регулаторната комисија за енергетика и во согласност со Законот за утврдување на цените на водните услуги.

Процесот на изработката на овој Извештај за спроведување на утврдените тарифи за 2025 е спроведен од страна на работната група составена од клучниот кадар на ЈКП и лицата задолжени за планирање во општата.

Вовед

ЈКП Водовод и канализација Прилеп подготви План за Прилагодување на тарифите и навремено го доставува на РКЕ заедно со нацрт Бизнис План, како и бараната пропратна документација и прилозите 3 и 4 од методологијата , а согласно Законот за утврдување на цените на водните услуги, усвоена на седницата на македонскиот парламент одржана на 15 јануари 2016 година, бр. . 08-325 / 1 Службен весник бр. 7 од 18 јануари 2016 година.

Следејќи ги законските одредби, ЈКП „Водовод и канализација"- Прилеп достави барање со бр.03-146/1 на 26.05.2023 год. за утврдување на тарифите за водните услуги до Регулаторна Комисија за Енергетика за разгледување и усвојување на Планот за прилагодување на тарифите, за регулиран период 2024-2026 година, односно за период од три години. Планот содржи предлог просечна тарифа за водните услуги за секоја календарска година во овој регулиран период и поодделно ги утврдува минималната и максималната тарифа за услугите кои ги дава претпријатието во делот на:

- Водоснабдување;

Планот за прилагодување на тарифите се базира на едноставен волуметриски надоместок за две категории на потрошувачи:

- Домаќинства и
- Комерцијални корисници

На ден 22.12.2023 година ЈКП ги добие следните решенија:

- Решение за утврдување тарифа за водоснабдување УП1 бр 08-423/23 од 18.12.2023г.

УО на ЈКП на ден 27.12.2023 година ја донесе следната одлука:

- Одлука за цена за снабдување со водоснабдување 02-241/3

